Адвокатска канцеларија
Марковска & Андревски
Орце Николов бр.75
1000 Скопје , Македонија
Тел./факс +389 (0)2 3129 240
Тел./факс +389 (0)2 3238 724
S.O.S +389 (0)75 500 000

**ДО**
Политичка партија ЛЕВИЦА Скопје
ул. Мирослав Крлежа бр.20, влез 1, кат3, стан12,
Скопје

**ОД**
- Друштво за производство на текстил и текстилни производи, трговија и услуги КОМФИ – АНГЕЛ увоз извоз Прилеп ДОО,
ул. Александар Македонски бр.1г/13, Прилеп,
- Ирена Јакимовска, одговорно лице во правното лице

**ПРЕКУ**
Адвокатска канцеларија "Марковска&Андревски" Скопје
Адвокат Мирјана Марковска – Андревски
ул. Орце Николов бр. 75, Скопје
контакт е-маил: advokati@m-a.mk
контакт тел: 02/3129-240

**ПРЕДМЕТ:** Реакција - Демант повод Соопштение објавено на веб-страницата на насловот, levica.mk на ден 13.04.2020 година и постирано на fb страницата на локалниот огранок на насловот ЛО Левица Прилеп / ре-постирано на fb страницата на насловот на ден 13.04.2020 година

Барање за јавно извинување за сторена клевета и навреда

Почитувани,

Во својство на постојани правни застапници на Друштвото КОМФИ АНГЕЛ ДОО Прилеп, **љубезно дозволете**, во име и за сметка на Комфи Ангел, со ова писмено да ја изнесеме нашата Реакција повод Соопштението објавено на Вашата веб-страница levica.mk на ден 13.04.2020 година и постирано на fb страницата на локалниот огранок на насловот ЛО Левица Прилеп / ре-постирано на fb страницата на насловот на ден 13.04.2020 година.

Имено, на ден 13.04.2020 година на Вашата официјална веб-страницата levica.mk е објавено Соопштение со наслов *"СДСМ го штити газдата на прилепска конфекција кој работи спротивно на препораките"*, на кое, на крајот од текстот е наведено дека е реакција на Вашиот локален огранок Прилеп.

Горенаведеното соопштение истиот ден - 13.04.2020 година во 12:35 часот е постирано на fb страницата на локалниот огранок на насловот ЛО Левица Прилеп (fb Левица Прилеп) и ре-репостирано на официјалната fb страницата на насловот (fb Левица / Е Majta / Levica) во 14:16 часот, со сензационалистички текст кој го "следи" постирањето на објавеното Соопштение, а кој текст всушност е концепиран како "јавно" прашање (нејасно е кому точно му го поставувате, предвид насловот на Соопштението и содржината на прашањето) кое завршува со "?!".

Адвокатска канцеларија
Орце Николов бр.75
1000 Скопје , Македонија
Тел./факс +389 (0)2 3129 240
Тел./факс +389 (0)2 3238 724
S.O.S +389 (0)75 500 000

Објавеното Соопштение (како споменато погоре) е со наслов "*СДСМ го штити газдата на прилепска конфекција кој работи спротивно на препораките*"

Почитувани,

Насловот на Соопштението реферира (очигледно) на Ваш политички опонент. Со оглед дека сте политичка партија, целосно го поддржуваме Вашето легитимно право да ги "биете" политичките битки.

Но, не на "грбот" на Компанија која не заслужува да биде ставена во контекстот во кој истото го правите (како во Соопштението) и не со невистини и неосновано сензационалистичка помпезност и популизам, против кој секој здраво-разумен човек во општеството треба остро да се спротивстави.

1) Напаѓате политички опонент или 2) ги штитите правата на работниците?

Првото може неспорно да се заклучи од насловот на Соопштението и (како што споменавме погоре) е **Ваше апсолутно легитимно право**.

Што се однесува до второто, **<u>целосно Ве поддржуваме</u>**. Но, не е во ред истото да го правите на начинот на кој се обидувате, со "квази" соопштенија и нафрлена неповрзана и инсинуирачка реторика, пласирајќи невистинити тврдења (клевета) на флагрантна штета на Друштвото Комфи Ангел и Ирена Јакимовска, притоа "покривајќи се'" со ставање на истите под знак прашалник.

Да бевте медиум, досега на Вашата веб страница веќе ќе имавте (ќе бевте обврзани да имате) истакнато Одлука на Советот на етика во медиумите, со која Жалбата на Комфи Ангел против предметната објава / Соопштението, СЕ УВАЖУВА. Но, не сте медиум, па правната заштита ќе биде процесуирана на поинаков начин.

Кога би го анализирале текстот на Соопштението, цитираме: "*Изминативе денови, пристигнаа нови реакции од загрижени текстилни работници, кои сведочат за кршење на нивните елементарни права и свесно загрозување на нивните животи и животите на нивните најблиски. Имено, станува збор за текстилната фабрика **„Комфи Ангел"**, каде за раководството се чини дека мерките и препораките за превенција од ширење на болеста Ковид-19, скоро и да не постојат. Фабриката работи непрекинато во три смени, а на вработените им се поделени и дозволи со кои смеат да се движат за време на полициски час.*"

Имено, непостоењето на мерки и препораки за превенција од ширење на Ковид-19 во Комфи Ангел **го "врзувате" со работењето на Друштвото во смени и обезбедени Дозволи за движење на вработените за време на полициски час**. Што од наведеното е во спротивност со мерките и препораките и на кои мерки и препораки противречи?

Предвид што едноставно не е верно дека немате сознание за актуелните мерки и препораки (во согласност со кои постапува Комфи Ангел), неспорен е заклучокот за постоење на намера за инсинуации на штета на Друштвото и управителот односно, погрешно пласирање на информации кои пак ги подведувате под (крајно сериозно обвинувачки) заклучок, дека поради истото биле кршени елементарните права на работниците и свесно загрозени нивните животи и животите на нивните најблиски.

Понатаму, цитираме: "*Вработени во фирмата уште пред две недели пријавија дека нивен колега со висока телесна температура бил држен на работното место, спротивно од препораките на епидемиолозите. Иако настанот бил пријавен до надлежните институции и на терен излегол инспектор, истиот инспектор бил директно однесен во канцеларијата на директорот, каде бил почастен со храна и пијалак и пакет производи. Во меѓувреме, низ халите експресно биле поделени заштитни маски и ракавици меѓу вработените за да се прикаже поинаква фактичка состојба. Впрочем, пред прогласување на тековната пандемија, имаме информации дека администрацијата на фабриката добивала чести посети и од високото раководство на СДСМ.*"

Бидејќи немаме намера да се впуштаме во "чаршиски муабети" кои навистина цениме дека не Ви доликуваат, ќе се осврнеме на реалните факти од аспект на начинот на организација на работењето во Комфи Ангел и на дел од преземените мерки / донесените одлуки и препораки на ниво на Друштвото од појавата на епидемијата / пандемијата од Covid-19, која (за жал) не' афектира сите:

- Температура на вработените при влез се мери уште од 10.03.2020 година од страна на лица обучени за прва помош во Друштвото. Насекаде во објектот се поставени средства за дезинфекција на раце, а на влезовите сунѓери со средство за дезинфекција на нозете. Сите вработени во Друштвото носат маски и ракавици обезбедени од страна на Компанијата

- На 12.03.2020 година е донесена Одлука за превентивни мерки за заштита од вирусот заведена под дел. бр. 02-98/1, согласно која:
  - сите вработени кои сметано од наведениот датум (12.03.2020 година) ќе отпатуваат надвор од државата, по нивното враќање назад, да останат во домна самоизолација најмалку 14 дена од денот на враќањето да не доаѓаат на работа,
  - доколку било кој вработен има сознанија дека друг вработен во моментот на носењето на одлуката е на пат надвор од државата, да пријави во Секторот за човечки ресурси и да се информира вработениот дека по враќањето од пат треба да остане најмалку 14 дена во самоизолација и да не доаѓа на работа,
  - се информираат сите вработени дека при доаѓање на работа се врши мерење на телесна температура,

- На 12.03.2020 година е донесена Одлука за оправдано отсуство од работа заради заштита од Covid-19 заведена под дел. бр. 02-98/2, согласно која:
  - се ослободуваат од работа од работа вработените кои имаат малолетни деца до десет години или активно четврто одделение за кои е неопходна домашна грижа, сите вработени кои имаат хронична болест согласно објавената листа на хронични болести и бремените работнички

- На ден 17.03.2020 година до Компанијата која го организира превозот на работниците вработени во Комфи Ангел е доставено Известување, заведено под дел. бр. 03-112/1 со кое е побарано да преземат строги мерки за темелно чистење и дезинфекција на автобусите со кои се превезуваат вработените во Друштвото. Дезинфекцијата да се врши повеќекратно во текот на денот односно, по секој извршен превоз на една смена.

Markovska & Andrevski
Адвокатска канцеларија
Орце Николов бр.75
1000 Скопје , Македонија
Тел./факс +389 (0)2 3129 240
Тел./факс +389 (0)2 3238 724
S.O.S +389 (0)75 500 000

- На ден 19.03.2020 година е донесена Одлука за превентивни мерки за заштита од вирусот Covid-19, заведена под дел. бр. 02-113/2 со која:
  - се задолжуваат сите вработени кои имаат близок член од семејството со кој живеат во семејна заедница, а кој допатувал од високо и средно ризичните земји во периодот од 12.03.2020 година до денот на донесувањето на одлуката или ќе допатува во следниот период додека има прогласено вонредна состојба, да с пријават телефонски во секторот за човечки ресурси
  - доколку вработените биле или сеуште се' во контакт со членот на семејството кој допатувал од странство, додека истиот е во период на самоизлација, се задолжуваат да не доаѓаат на работа.

- На ден 20.03.2020 година е донесена Одлука заведена под дел. бр. 02-116/2 од 20.03.2020 година со која:
  - како мерка за заштита од Covid-19, се одлучува, оброкот кој го обезбедува Друштвото за вработените, додека трае пандемијата да биде во форма на готов пакет
  - се обврзуваат вработните при земање на храна во кантината да го почитуваат пропишаното растојание обележано на подот и по подигање на пакетот со храна да ја напуштаат кантината
  - додека трае пандемијата не е дозволено јадење во кантината

- Сметано од 21.03.2020 година до денес, Друштвото во континуитет врши редовна дезинфекција на објектот и тоа, на подните површини, на ѕидните површини, на работните површини, на тоалетите и на ходниците

- Во Друштвото се извршени два инспекциски надзори од страна на Државниот инспекторат за труд во врска со спроведување на мерките за спречување на ширење на Корона вирусот и тоа, на ден 24.03.2020 и на ден 25.03.2020 година, при што не се констатирани никакви неправилности

- На ден 28.03.2020 година е извршена целосна дезинфекција на објектот од страна на овластено Друштво за ДДД заштита

- На ден 12.04.2020 година е извршена повторна дезинфекција на производствените погони во Компанијата од страна на овластено Друштво за ДДД заштита...

**Се надеваме дека напреднаведеното е Одговор на Вашето "прашање", <u>дали Компанијата се придржува кон мерките и препораките за заштита на вработените.</u>**

Понатаму, цитираме: *"Дополнително, од анонимни изјави дознаваме дека истиот директор, кој е и сопственик на компанијата за преработка на текстилен отпад „**Ревестија**" (фирма-ќерка на „Комфи Ангел"), бил во близок контакт со заболени од Ковид-19. За него очигледно не важи мерката карантин со оглед на тоа дека слободно се шета низ погоните, додека пак вработен во администрацијата, кој на ист начин бил во контакт со истите заразени, е во самоизолација."*

Дека очигледно пишувате колку да напишете, без должна проверка на информациите кои ги пласирате, дотолку повеќе говори и фактот за невистинитоста на наводите по однос на споменатата компанија Ревестија, за која наведувате дека е фирма-ќерка на Комфи Ангел. Во овој контекст, барем Трговскиот регистар е јавна книга и сте можеле многу лесно да ја проверите наведената информацијата пред да ја пласирате како факт, а која е едноставно невистинита.

Од друга страна, инсинуирате дека вработените "*се држат во заложништво и им се загрозува животот и здравјето*" (непојмливо монструозно тврдење), истовремено наведувајќи дека вработен во Компанијата е во самоизолација. Едното со другото "не оди", не се сомневаме дека ќе се согласите.

Почитувани,

Комфи Ангел ДОО Скопје **уште пред утврдувањето на вонредна состојба ги презеде и во во континуитет ги презема**:

- сите мерки за одржување и зачувување на деловниот потфат и одржувањето на неговиот континуитет, во интерес на Компанијата – ултимативно, на вработените. Сите работни места се задржани и досега се ползуваат решенија кои се најоптимални за вработените, како истите не би ја почувствувале или минимално би ја почувствувале кризата, која никој не ја посакува/ше, ниту зависи од било кој од нас,
- сите мерки за заштита и превенција на здравјето на вработените.

Доколку макар малку се потрудевте да ги "проверите" флагрантните невистини кои, иако неумесно ги ставате под знак прашалник, практично ги изнесувате како факти во Вашето Соопштение, ќе превениравте првенствено Ваша (самоиницијативна) дискредитација, а понатаму и одговорност за наштетување на деловниот углед и реноме на Комфи Ангел и управителот и ко-сопственик Ирена Јакимовска.

Љубезно и најдобронамерно Ви препорачуваме да се воздржите од стереотипи, клевети, неосновани дикскредитации и инсинуации, недолични форми на општење (сензационализам и популизам) т.е. да си ги почитувате правилата за комуникација кои сами ги имате востановено во Вашите програмски документи, претпоставуваме со намера да Ве прават различни во политичкото милје.

Воедно, да се воздржите од "користење" на "колатерални жртви" како алатка за поткусурување со Вашите политички опоненти.

Комфи Ангел е компанија која постои од 2004 година, од основањето бележи само раст и развој и никогаш и во ниту еден контекст не била, ниту имала амбиции или намери да биде протеже на било кој партиципиент во политиката, но соработувала и ќе соработува со сите, исклучиво и само во насока на подобрување на условите во стопанството и приватниот сектор и работничките права.

Можеби Ви посветивме малку повеќе време и внимание, но навистина се почувствувавме повикани да укажеме и спречиме нешта кои не доликуваат на сериозни и одговорни луѓе и се целосно спротивни на каузата во чија "заштита" се пласираат.

Адвокатска канцеларија
Орце Николов бр.75
1000 Скопје , Македонија
Тел./факс +389 (0)2 3129 240
Тел./факс +389 (0)2 3238 724
S.O.S +389 (0)75 500 000

Извинувањето го оставаме на Вашата совест и доблест.

Независно дали Комфи Ангел и Ирена Јакимовска такво ќе добијат, бараме ова Писмено да биде објавено преку Вашите комуникациски алатки на истиот начин и место, каде го имавте објавено Соопштението.

Впрочем на тоа Ве обврзува Демократичноста како едно од основните програмски начела на Вашата работа и дејствување.

Со најдобри намери и почит,

***За Комфи Ангел ДОО Прилеп,***
***Адвокатска канцеларија ""М&A" Скопје***

Law Office "MARKOVSKA & ANDREVSKI"- Skopje,
address: St. "Orce Nikolov" No.75,
*tel/ fax .+389 2 3129 240, + 389 2 3238 724, SOS +389 75 500 000*
*e-mail: contact@m-a.mk*
*www.m-a.mk*